Бранко ПАНОВ

# БОГОМИЛСКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ОДРАЗЕНО ВО ПИСМАТА НА ТЕОФИЛАКТ ОХРИДСКИ

Писмата на Теофилакт Охридски, напишани кон крајот на XI и почетокот на XII век, веќе околу сто години се предмет на проучување од познавачите на богомилското движење. За научниот свет подостапна станала Теофилактовата кореспонденција по 1864 година, кога Ј. П. Миње во Париз во едицијата „Patrologiae cursus completus, Series Graeca“ во 126 том ги преиздал скоро сите Теофилактови трудови според изданијата на Ј. Меурсија, Ј. Ламија и Б. Финети[1]).

Познатиот хрватски историчар Фрањо Рачки спаѓа во редот на првите научници кои обрнале внимание на богатите и значајни изворни податоци што ги содржат писмата на Теофилакт Охридски. Ф. Рачки не само што опстојно „ја исцрпил кореспонденцијата на учениот архиепископ Теофилакт“ за осветлување на ситуацијата во Македонија кон крајот на XI и почетокот на XII век[2]), туку како добар специјалист за богомилското движење прв дотогаш констатирал дека вестите од Теофилактовите писма овозможувале да се видат и големите размери што ги зело богомилството во одделните македонски области. Притоа навел дека за тоа допринел и самиот архиепископ Теофилакт со својот понижувачки став кон потчинетото население. Бидејќи богомилите „на некој начин го застапувале стариот живот“, истакнува Рачки, грчките владици „будно пазеле на секакво движење на богомилите“.[3])

Писмата на Теофилакт Охридски особено многу ги привлекле специјалистите за богомилското движење, кога големиот руски византолог Ф. Успенски во 1879 година во Одеса го објавил своето капитално дело „Образование второго болгарского царства“. Имено, во обемниот увод на ова дело, Ф. Успенски не само што публикувал на руски јазик делови од повеќе Теофилактови писма[4]), туку се обидел да расветли

[1]) Theophylacti archiepiscopi Bulgariae epistolae, ed. J. P. Migne, PG, t. CXXVI Paris, 1864, col. 307—558 (Потаму: Theophyl.).

[2]) F. Rački, Borba Južnih Slavena za državnu neodvisnost. Bogomili i patareni, II izd. Beograd, 1931, str. XXI.

[3]) Ibid., str. 363.

[4]) Ф. Успенский, Образование вторго болгарского царства, Одесса 1879, стр. 8—57.

и некои значајни настани и појави од историјата на Македонија и соседните земји, потчинети на Византија. Притоа Успенски посебно внимание обрнал на 7-то по Ламија и 41-то по Меурсија писма. Откако вестите од овие две писма ги споредил со оние од Ана Комнина, Евтимиј Зигавен и други современи извори за богомилското движење, Успенски заклучил дека „известия Феофилакта вводятъ насъ въ историю распостраннения богомильского учения и знакомятъ съ обстоятельствами, способствовавшими къ усилению его“; дека „Феофилактъ въ своей епархии велъ борьбу съ Богомилами еще до осуждения ихъ на соборе въ Константинополе“, како и „о раннемъ периоде деятельности попа Василия“. водачот на богомилското движење.[5]).

Меѓутоа, В. Г. Василевски уште истата година го отфрлил таквото гледиште на Успенски. Во својата опширна рецензија на неговиот труд, тој категорички се изјаснил дека „все ето лишено какого — бы то ни было основания“.[6])

Покасно полемиката меѓу овие врвни руски византолози се пренела и на другите корсиници на Теофилактовата кореспонденција. Притоа едни научници целосно го подржале Успенски[7]), други само делумично[8]), а трети наполно го отфрлиле неговото гледиште[9]).

Во некои поранешни наши трудови[10]) и ние исто така се осврнавме на оваа проблематика и притоа го усвоивме и поткрепивме со нови аргументи гледиштето на Ф. Успенски. Во овој напис сега придодавме и други аргументи во прилог на таквото гледиште.

---

[5]) Ibid., str. 32, bel. 3; 34, bel. 2.

[6]) В. Г. Василевский, Рец. „Образование второго болгарского царства Феодора Успенского. Журнал Министерства народного просвещения, ч. CCIV, С.-Петербург, 1879, стр. 164—165.

[7]) Д. Цухлевъ. Истроия на българската църква, I, София, 1910, стр. 1032—1034; Ив. Клинчаров, Поп Богомил и неговото време, София, 1947, стр. 37, 154—155; M. Spinka, A History of Christianity in the Balkans, Chicago, 1933, str. 97.

[8]) Ив. Снегаровъ, История на Охридската архиепископия, I, София, 1924, стр. 231—232; D. Obolensky, The Bogomils, a study in Balkan neo-manichaeism, Cambridge, 1948, str. 196; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия в XI—XII вв., Москва, 1960, стр. 425—426; Д. Ангелов, Богомилството в България, София, 1969, стр. 372—374.

[9]) М. Симеон, Псимата на Теофилакта Охридски, архиепископъ български. Сборникъ на БАН, кн. XXVII, София, 1931, стр. XXVII, 134, бел. 3; 198, бел. 1; В. Н. Златарски, История на българската държава презъ средните векове, II София, 1934, стр. 302—304; В. Николаев, Феодални отношения в покорената от Византния България, отразени в писмата на Теофилакт Охриски, архиепископ български, София, 1951, стр. 11, 50; Р. Катичиħ, Теофилакт Охридски. „Визатијски извори за историју народа Југославије“, III, Београд, 1966, стр. 306, бел. 288; 291, бел. 186: Ив. Божилов, Писмата на Теофилакт Охридски като исторически извор. Известия на държавните архиви, 14, София, 1967, стр. 96, бел. 7; Ст. Маслев, Относно сведенията в писмата на Теофилакта Охридски за еретици в българските земи. (Види го освртот на Б. Примов во „Исторически преглед“, XXIX/4, София, 1973, стр. 164).

[10]) Б. Панов, Богомолското движење во Македонија. Историја, Списание на Сојузот на историските друштва на СР Македонија, г. I, бр. 1, Скопје 1965 стр. 56—57; од истиот, Нов подем на богомилското движење. „Историја на македонскиот народ“, I, Скопје, 1969, стр. 168—169; од истиот, Имунитетот и феудалната рента во Македонија во XI и XII век според писмата на Теофилакт Охридски. Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, т. 22, Скопје, 1970, стр. 232 сл.; од истиот, Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ, Скопје, 1971, стр. 349—366.

* * *

Кога се проучуваат Теофилактовите писма прво нешто што паѓа во очи е тоа што сите се напишани во многу завиткана форма.[11]) Секако дека претпазливоста на авторот е главната причина за тоа. Во некои писма Теофилакт тоа и посебно го потенцирал кога навел дека не можел да најде сигурни носачи на писмата[12]), дека во „лукавиот век" во кој живеал „многу ги опфатил сатаната сите изопшто општественици"[13]), потоа дека живеел во време кога се заканувале „однадвор битки, а одвнатре стравови"[14]) итн. На својот адресант Михаило Пантехни архиепископот дури отворено се поплакал дека тој во писмото го чул само „десетилјадитиот дел" од неговите маки.[15]) Нешто слично Теофилакт се изјаснил и во писмото до цариградскиот патријарх, кога му напишал дека не смеел да го објасни „значењето на темниот израз", но сметал дека тој ќе го протолкува[16]).

Дека Теофилакт Охридски ги пишувал своите писма во многу завиткана форма и дека тие биле „буквально наводнены самыми причудливыми сравнениями и алегориями, намеками и недомолвками", се изјаснил во поново време и советскиот византолог Г. Г. Литаврин[17]). Ваквата констатација особено се потврдува од писмото што го испратил архиепископот до Офеомах. На овој свој адресант Теофилакт меѓу другото му напишал: „Да не би да сум ти изложил неразбирливи работи и гатанки и имаш потреба да ти ги разјаснам. Да не би да сум те внел во лавиринт"[18]).

Голем број од своите писма архиепископот Теофилакт ги напишал во вид на басни [19]) и сл., сравнувајќи се притоа себе си со лавот[20], орелот [21]) и др., а своите противници со жабите[22]), мртвите кучиња[23]), змиите[24]), леопардот[25]), мечката[26]) итн. Притоа Теофилакт секогаш се држел до приницпот: во писмата „да не се даде широк простор за страстите на народот"[27]).

Кога ќе се земаат предвид сите овие факти тогаш појасно може да се одговори и на спорното прашање: зошто архиепископот Теофи-

---

[11]) Сп. Р. Катичиħ, Теофилакт Охридски, стр. 260—261.
[12]) Theophyl., col. 324, C-D-325, A.
[13]) Ibid., col. 336, B—C.
[14]) Ibid., col. 388, B—C.
[15]) Ibid., col. 322, B.
[16]) Ibid., col. 332, B.
[17]) Г. Г. Литаврин, Будапештская рукопись писем Феофилакта Болгарского. Известия на Института за история, т. 14—15, София, 1964, стр. 512.
[18]) Theophyl. col. 376, B
[19]) Ibid., col. 373, D—376, A.
[20]) Ibid., col. 434, D—436, A.
[21]) Ibid., col. 308, B; 508, C.
[22]) Ibid., col. 308, B; 508, A.
[23]) Ibid., col. 434, D—436, A.
[24]) Ibid., col. 388, D—389, A.
[25]) Ibid., col. 516, C.
[26]) Ibid., col. 388-389, D.
[27]) Ibid., col. 400, B; сп. Г. Г. Лигаврин, Болгария и Византия, стр. 372, бел. 67

лакт отворено не зборува за богомилите и за нивниот водач Василиј? Во таа смисла би бил неприфатлив и митрополитот Симеон, којшто причината за немањето на податоци за богомилството во писмата на Теофилакт не можел да ја објасни поинаку, освен да се сложи со претпоставката на Василевски, „дека има проподнати писма на Теофилакт“[28]). Исто така не е прифатливо и мислењето на Д. Оболенски дека „the identification of Basil with the unfrocked monk mentioned by Theophylact is entirely arbitrary, since we do not even know this monk's name and he is nowhere accused of heresy“.[29]) Слично се изјаснил и Д. Ангелов кога навел дека во писмата „никъде не е казано, че той (споменатиот од Теофилакт монах) се е наричал Василий“[30]).

Пред да ја анализираме содржината на двете Теофилактови писма (41-то по Меурсија и 7-то по Ламија) ги даваме подолу во оригинал и во превод на македонски јазик оние делови од писмата, кои предизвикале жива полемика меѓу специјалистите за богомилското движење.

Теофилакт Охридски во 41-то по Меурсија писмо меѓу другото навел, дека еден од црковните парици, по име Лазар, кој бил „и со послободољубиви мисли, копнеел да го отфрли јаремот на парикијата“ (καὶ φρονῶν ἐλευθεριώτερον, ἐπόθει τὸν τῆς παροικίας ἀπαυχενίσαι ζυγὸν) со помошта на непријателски настроените против црквата практори, како и на оние коишто охридскиот архиепископ ги осудил „за ерес, или им наложил црковна казна заради полигамија или незаконски брак“ (ἐπὶ αἱρέσει καταγνωσθεὶς, ἢ ὡς πολήγαμος, ἢ ἀθεμιτόγαμος, ἐκκλησιαστικοῖς δεσμοῖς ἐνδεθείς). Парикот Лазар пронашол мнозина такви во Охридско и другите области. Таквите луѓе освен што биле душевно измачувани од архиепископот и неговите помошници, биле и немилосрдно ограбувани, изгубувајќи ги дури и своиет ниви и лозја (Εὑρὼν δὲ πολλοὺς τοιούτους ἐπάγεται καθ' ἡμᾶς ὡς 'Αχριδιώτας, ἐπ' ἀρούραις καὶ ἀμπελῶνι παρ' ἡμῶν ἡρπασμένους, τὰς ψυχάς διαπεπονημένους[31]). Содржината пак од делот на 7-то по Ламија Теофилактово писмо, каде според Ф. Успенски и неговите едномисленици е изнесен судирот на архиепископот Теофилакт со богомилскиот водач Василиј, гласи:

| | |
|---|---|
| Τῶν τις γὰρ μοναχῶν καὶ ἱερέων ὁ ἐκ τῶν ἐμῶν κακῶν, καταφρονήσας μὲν Θεοῦ, ἀπαναισχυντήσας δὲ καὶ πρὸς ἀνθρώπινον ὄνειδος. καὶ τοῦτο δὴ τὸ προφητικόν, ὄψιν πόρνης ἑαυτῷ σχηματίσας, ἀπεβάλετο μὲν τὸ σχῆμα τὸ ἅγιον, καὶ ὁ βόρος*) | Имено, некојси од монасите и свештениците, кој за моја несреќа го презре Бога и се одаде на бесрамност отфрлајќи го човечкиот срам, па според пророштвото зеде лик на блудница, го отфрли светиот образ и постана месојадец наместо постник, раз- |

28) М. Симеон, Писмата на Теофилакта Охридски, стр. XXVII.
29) D. Obolensky, The Bogomils, str. 200, bel. 5.
30) Д. Ангелов, Богомилството в България, стр. 373, бел. 28.
31) Theojphyl.. col. 444, C—445, A.
*) Во Ватиканскиот ракопис место βόρος стои κρεωβόρος (сп. Ф. Успенский, Образование. . . , стр. 31, бел. 3).

δὲ ἀντὶ νηστευτοῦ, καὶ ἀσελγὴς ἀντι σωφρονικοῦ, μᾶλλον δὲ σωφρονικὸς τελεσθεὶς γυναικί τε σύνεστι καὶ ἀπηρυθριασμέ νως ἐμπομπεύει τῇ ἀσελγεία. Καὶ τοῦτο μὲν καὶ δακρύων πολλῶν ἄξιον. ἀλλ' οὖν ἀνεκτότερον πρὸς τὸ ρηθησόμενον. Ὃ δ'οὖν καὶ Θεὸν μάλιστα παροργίζει, καὶ ἡμᾶς λυπεῖ, ἄκουσον, ὁ μόνος τοῦτο δυνάμενος διορθώσασθαι. Ὡς γὰρ τὸν θεῖον φόβον ἀπετινάξατο, καὶ πρὸς τὸν Θεὸν εἶπεν. Ὁδούς σου εἰδέναι οὐ βούλομαι, ἐκ κακίας δυνατὸς εἶναι ἱμείρεται, καὶ ἐπείγεται, καὶ τοῖς ἀνθρώποις τοῦ Ἰασήπου**) τῶν ἀδίκων καὶ ἀθέσμων λημμάτων πρόξενος γίνεται. Οἱ δὲ περιέπουσι τοῦτον. τί δε οὐ μέλλουσι; καὶ μόνον ἐπὶ κεφαλῇ φέρουσιν. οἱ δε πένιτες κατὰ κεφαλῆς φέρονται καὶ ἀπόλλυνται ταῖς συκοφαντίαις μὴ ὄντος λύτρομένου μηδε σώζοντος. Ἔστειλα, καὶ ἤγαγον τὸν ἐπικατάρατον πρός με, καὶ ἠσφαχίσατό μοι ἄχρι τῶν Κυριακῶν τῆς ἀπόκρεω, μὴ εὑρεθῆναι μηδένα τῶν τῆς βουλήσεως***) μερῶν μήτε κατά τινος ἐγκαλέσαι. Ἀπέλυσα τοῦτον, καὶ οἱ Χριστιανοὶ οἱ τοῦ Ἰασήπου ****) ἄνθρωποι περιέπουσιν αὐτόν, καὶ κυνηγὸν ἔχουσιν. οὕτω γὰρ ἑαυτὸς ἑαυτὸν ὀνομάζει, τὰ φίλα τούτοις θηράματα χαριζόμενος Ἐπὶ τούτοις διανάστηθι, ὦ αὐθέντῃ μου, καὶ εἰπὲ λόγω, καὶ τὸ δαιμόνιον ὅ τῷ τοῦ Θεοῦ λαῷ ἐπηρεάζει, ἀπελαθήσεται. Μηδεὶς δὲ σε ἀπυ-

вратник наместо воздржан, или наместо да биде чесен тој заживеа со жена и без срам настапува надуено со својата развратност. И таа веќе е достојно за многу солзи, но е поподносливо од она што ќе го кажам. Чуј, што најмногу, всушност, Бога го лути, а нас не разжалостува, а ти си единствениот кој може тоа да го поправи. Така, бидејќи отфрли божји страв, му рече на Бога: „не сакам да знам за твоите патишта“, и со зло копнее да биде силен, и се зближи и стана посредник на Иаситовите луѓе во нивните неправедливи и незаконски поткупи. А тие го следат. И што ли не ќе направат? И како на глава да го носат. А пак сиромасите се струполуваат и гинат од клевети, затоа што нема кој да ги избави и спаси. Јас испратив луѓе и го доведоа кај мене овој проклетник и го затворив до покладните недели, затоа што немаше никој од советот на општината, ниту пак некој пред кого да го обвинам. Затоа го ослободив, а христијаните, луѓето на Иасит, го следат и го имаат за ловец. Така тој самиот се нарекува, затоа што им доставува пријатен лов. Затоа дигни се, о господару мој, и кажи еден збор, и демонот, којшто го мачи божиот народ, ќе биде протеран. Никој да не те измами со празни

**) Текстот треба да се исправи и да стои место Ἰασήπου Ἰασίτου како што стои во Ватиканскиот ракопис (Сп. Ф. Успеанский, образование. . . , стр. 31, бел. 4).

***) Место βουλήσεως треба да стои βουλῆς како што исправил Ф. Успенски според Ватиканскиот ракопис („Образование. . .“, стр. 32, бел. 1).

****) Ἰασήπου треба да се замени со Ἰασίτου како што стои во Ватикнскиот ракопис (Сп. Ф. Успенский, Образование. . . , стр. 31, бел. 4).

τήσῃ διακένοις λέγοις. ὅτι μετανοήσει ὁ κλέπτης. πόσα γὰρ αὐτῷ προσήγαγον μρτανοίας φάρμακα καὶ πέρυσι, καὶ νῦν, καὶ δι' ἐπιστολῆς, καὶ αὐτοπροσώπως ἐντυγχάνων: Ἀλλὰ κωφῷ προσελάλουν κύματι, καὶ ἡ πάρδαλις αὖθις κατὰ στίγματος. Ἐλέησον οὖν τοὺς πένητας καὶ πρὸ τούτων τὴν ἐκείνου ψυχήν, ἣ πρὸ τοῦ τοῦτον φθείρεινται ζημίαις, τῇ κακίᾳ προφθείρεται. καὶ ἀπελαθήτω τῶν μελῶν τούτων λοιμὸς καὶ νόσημα ἐπιδήμιον. Εἰ δὲ καὶ αὐτὸς ἰσχύσω συλλαβεῖν τοῦτον, τῷ πύργῳ ἀποθανεῖται ὡς κακὸν κοινὸν καὶ δημόσιον.[32])

зборови, оти крадливецот ќе се покае. Колку ли не лекарства за покајување не му поднесов лани и сега со писма и при лични средби! Но говорев на глув бран, а леопардот си останува истиот. И така, имај милост над сиромасите, а особено над неговата душа, која што се троши од лошотија повеќе отколку што пред тој да ги повреди другите со пакости. И нареди да се протера од овие места таа заразна и општа болест. Ако пак јас успеам да го фатам, тој ќе умре во кулата како општествено и државно зло.

Со прво вестите од овие две Теофилактови писма го привлекле вниманието на познавачите на богомилското движење. Позадлабочената анализа на овие вести и нивното споредување со слични вести од современите извори за богомилството, овозможува, како што ќе видиме подолу, од овие писма да се извлечат значајни и единствени изворни податоци за широкиите размери што ги зело богомилското движење во крајот на XI и почетокот на XII век во Македонија и другите соседни земји, потчинети на Византија.

Според нас на правилни позиции застанеле научниците, кои осудените од Теофилакт лица ἐπὶ αἱρέσει ги сметале дека се бездруго богомили.[33]) Овие податоци од Теофилакт доста се подудараат со оние од другите современи извори, кои говорат дека во овој период зело широки размери богомилството. Така, Ана Комнина во „Алексиадата“ приведува дека за време владеењето на нејзиниот татко Алексиј I Комнин (1081—1118) „славата на богомилството веќе се распостранила насекаде“ (ὡς δὲ ἡ τῶν Βογομίλων ἁπανταχοῦ ἤδη διέσπαρτο φήμη) и дека „злото како со огин уништило многу души“ (πολλὰς ψυχὰς δίκην πυρὸς ἐπενείματο τὸ κακόν)[34]).

[32]) Theophyl., col. 513, D—516, D; сп.: Ф. Успенский, Образование. . . , стр. 31—32; М. Симеон, Писмата, стр. 197—198; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 233, бел. 98; Р. Катичић, Теофилакт Охридски, стр. 291—292; Г. Цанкова-Петкова, За аграрните отношения в средновековна България XI—XIII в., София, 1964, стр. 116; Ст. Маслев, Проучвания върху някои произведения на Теофилакт Охридски, архиепископ български (1090-около 1126) „Гръцки извори за българската история", IX, София, 1974, стр. 134—135.

[33]) Сп.: Ф. Успенский, Образование. . . , стр. 34, бел. 2; Ив. Снегаровъ, История на Охридската архиепископия, I, стр. 231—232; Г. Г. Литваврин, Болгария и Византия, стр. 425—426; Д. Ангелов, Богомилството, стр. 214—215.

[34]) Гръцки извори за българската история, VIII, София, 1971, стр. 141.

Вестите од Теофилакт Охридски и Ана Комнина за широките размери што ги зело богомилството во Македонија и соседните земји кон крајот на XI век се потврдуваат и од некои современи латински извори, напишани пред се од учесници во Првиот крстоносен поход. Монахот Роберт, на пример, опишувајќи го преминот на Боемундовите крстоносци низ Македонија 1096 година, меѓу другото соопштува дека тие „откако тргнале од Касторија (Костур) дошле до Пелагонија, каде имало некаква тврдина на еретици, којашто ја нападнале од сите страни. Под звукот на трубите тие ја опсипале со стрели и копја и брзо ја превзеле; го однеле оттаму сиот имот и ја изгореле (населбата) заедно со нејзините жители. Тоа ги снашло наполно заслужено зашто нивната грешна проповед лазела како рак и веќе ги имала осквернето соседните области со своето пророчно учење, така како што и нив самите сопсвената им гнасна страст ги отклонила од правата вера“.[35])

Дека крстоносците што ги предводел Боемунд Тарентски 1096 година уништиле во Македонија quoddum haereticorum castrum соопштува и Петар Тудебод, кој исто учествувал во походот. Во врска со тоа тој вели: „(Населбата) ние ја нападнавме од сите страни во некакво езеро[36]), во кое беше изградена. Таа брзо падна под наша власт. Откако запалија оган, ја изгореа населбата заедно со нејзините жители, имено еретичката општина“.[37])

Истата „еретичка“ населба ја спомнуваат и тн. подржувач и продолжувач на Тудебод, потоа Вилхелм Тирски, како и други анонимни автори, учесници во Првиот крстоносен поход[38]).

Споменатата „еретичка општина“ бездруго била богомилска општина[39]). Да земе широки размери богомилското движење во Македонија во овој период, влиајела тешката феудална експлоатација над потчинетото македонско градско и селско население, потоа политичко-

[35]) Латински извори за българската история, III, София, 1965, стр. 95: „Egressi de Castoria venerunt ad Pelagoniam, in qua erat quoddum castrum Haereticorum, quod undique aggressi sunt; et crepantibus buccinis, et telis ac sagittis volantibus ilico comprehenderunt, et spoliatum omnibus bonis suis, cum ispis habitatoribus, igni combusserunt. Nec id eis iniuria contigit, quia illorum detestabilis sermo, ut cancer, serpebat, iamque circumiacentes regiones suo pravo dogmate foedaverat, sicut et ipsos a recta fide sua foeda intentio abduxerat“.

[36]) Во последно време С. Антољак специјално се позабавил со лоцирањето на оваа „еретичка“ населба, при што врз база на текстот од Минје (PL 155, 767) предложил да стои „кај езерото (in lacum) (С. Антољак, Преспански Ааамати — „утврден град на еретиците“ кај езерото во Пелагонија од I крстоносна војна (1096). Гласник на Институтот за национална историја, XVIII/1, Скопје, 1974, стр. 111, бел. 15).

[37]) Латински извори за българската история, III, стр. 105: „Nos vero undique aggressi sumus illud in quodam lacu in quo aedificatum fuerat; quod continuo nostro succubuit imperio. Accenso itaque igne combusserunt castrum illud una cum haabitatoribus suis, scilicet haereticorum congregatione.“

[38]) Латински извори. . . , III, стр. 105, 192; сп. опстојно за оваа „еретичка“ општина и за другите латински извори кај: С. Антољак, Преспански Асаамти — „утврден град на еретиците“ кај езерото во Пелагонија, стр. 109—117.

[39]) За искажувањата на специјалистите за богомилството, види: Б. Панов, Теофилакт Охридски. . . , стр. 353, бел. 469; сп. и: Латински извори. . . , III, стр. 16. бел. 9, 26, бел. 3, 87, бел. 2, 95, бел. 5, 105, бел. 1, 192, бел. 2; С. Антољак, Преспански Асамати, стр. 114 сл.

духовниот гнет, како и пустошите и плачкосувањата што ги вршеле разните освојувачи[40]).

Во Макеонија и соседните земји напоредо со богомилството станало опасно во овој период и павликијанското движење, а за кое говори и Теофилакт Охридски во некои од своите писма[41]). Меѓутоа, според нас, не се убедливи научниците кои споменатите од Теофилакт „еретици" ги сметале за павликијани[42]), зашто тој во своите писма доста отворено говори за обраќањето на Ерменци-павликијани во православна вера[43]).

Дека осудените од Теофилакт лица ἐπὶ αἱρέσει биле всушност богомили, говорат и оние податоци од 41-то по Меурсија писмо со кои архиепископот известува дека официјалната црква им наложила црковна казна и на сите оние што биле осудени за „полигамија или незаконски брак". Овие податоци, споредени со слични од другите современи извори за богомилското движење, бездруго говорат дека осудените лица од Охридската црква биле богомили. Имено, од другите извори за богомилството се дознава дека богомилите биле осудувани од официјалната црква покрај другото и за тоа дека биле браколомнции и дека се оддавале на блуд. Во врска со тоа Теофилактовите податоци се многу блиски со оние од Евтимиј од Акмонија, кој ги изложил во своето полемичко дело против богомилите[44]). Во своето дело, напишано кон средината на XI век, Евтимиј соопштува дека освен во Мала Азија и на Запад, т.е. на Балканот[45]) богомилите биле против „стапувањето во брак". Притоа, тој навел дека нивните проповедници учеле „кој не ќе ја напушти жена си нема да се спаси". Пишувајќи потаму дека богомилите не се бореле „против развратот и крвосмешувањето" ги уверувал своите читачи дека тие „не заради чистотата ги учеле мажите да ги напуштаат жените свои и жените — сопствените си мажи"[46]).

Дека осудените лица од архиепископот Теофилакт за ерес, полигамија и незаконски брачен живот бездруго биле богомили сведочат и други извори кои ги содржат писмата на Теофилакт. Така, во 7-то по Ламија писмо, кое го дадовме погоре, се вели меѓу другото дека еден монах-свештеник „зеде лик на блудница, го отфрли светиот образ и постана месојадец наместо постник и развратник наместо воздржан,

---

[40]) Сп. Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 349—350.

[41]) Ibid., 361—366.

[42]) За таквите мислења види: Б. Панов, Теофилкт Охридски, стр. 353, бел. 469.

[43]) Сп.: В. Николаев, Един феодален институт от XI век в нашите земи със специално предназначение... Известия на Института за българска история, 1—2, София, 1951, стр. 178—179; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 425; Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 362—366. Не е изворно потврдено тврдењето на Р. Катичиќ дека податоците од 56-то по Финети писмо не говорат „за павликијани туку за припадници на официјалната ерменска црква. . ." (Р. Катичић. Теофилакт Охридски, стр. 306, бел. 288).

[44]. Д. Ангелов, Б. Примов, Г. Батаклиев, Богомилството в България, Византия и Западна Европа в извори, София, 1967, стр. 47—68.

[45]) Ibid., 59, bel. 28.

[46]) Ibid., 60—62.

или наместо да биде чесен тој со жена заживеа и без срам настапува надуено со својата развратност".

Со право некои научници во лицето на овој монах-свештеник го виделе водачот на богомилското движење од втората половина на XI и почетокот на XII век — попот Василиј[47]). Во прилог на тоа говорат и оние податоци од „Алексиадата" со кои Ана Комнина соопштува дека „некојси монах, наречен Василиј, умееше најискусно да го проповеда безбожието на богомилите. Тој имаше дванаесет ученици кои уште ги викаше и апостоли, а беше вовлекол и неколку ученички, лошокарактерни и наполно развратни жени"[48])

Споменатиот од Ана Комнина монах, којшто всушност бил водачот на богомилството поп Василиј[49]), како што гледаме идентично е претставен и од Теофилакт Охридски.

Дека во лицето на споменатиот од Теофилакт монах-свештеник треба да се гледа богомилскиот водач Василиј говорат и другите податоци од 7-то по Ламија писмо, а исто така и некои од другите писма. Тоа пред се се однесува на оние Теофилактови вести од 7-то по Ламија писмо со кои архиепископот истакнал дека споменатиот монах-свештеник се претворил во „демон, којшто го измачува божиот народ", поради што тој барал од својот адресант да се зафати монахот да биде протеран „од овие места"[50]), зашто претставувал веќе „заразна и општа болест", т.е. „општествено и државно зло". Притоа Теофилакт му укажал на својот адресант да не дозволи „да го измами со празни зборови" дека ќе се покае, бидејќи тој се обидел тоа да го стори „со писма и при лични средби... но леопардот си остана истиот".

Барањето од Теофилакт неговиот заштитник Јован Комнин да се заземе да се избрка монахот—свештеник од Охридско и околните области јасно говори дека тој не бил обичен монах, зашто со такви и самиот лесно се справувал. Напротив, овој монах имал зад себе голем број следбеници. Дека тие негови следбеници бездруго биле богомили, а тој нивниот водач Василиј, говорат и оние податоци од споменатото Теофилактово писмо со кои архиепископот истакнал: „...сиромасите се стрполуваат и гинат од клевети, затоа што нема кој да ги избави и спаси. Јас испратив луѓе и го доведоа кај мене овој проклетник и го затворив до покладните недели, затоа што немаше никој од советот на општината, ниту пак некој пред кого да го обвинам, го ослободив". Подолу во писмото Теофилкт го моли својот влијателен адресант да

[47]) Сп.: Ф. Успенский, Образование второго болгарского царства, стр. 32, бел. 3, 220; Д. Цухлевъ, История на българската църква, I, стр. 1032—1034; Ив. Клинчаров, Поп Богомил и неговото време, стр. 154—155; M. Spinka, A History of Christianity in the Balkans, str. 97; Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 356—360.

[48]) Гръцки извори..., VIII, стр. 141; сп. Д. Ангелов, Богомилството в България, стр. 392—393, бел. 78.

[49]) Гръцки извори VIII, стр. 142; сп. опстојно за богомилскиот водач Василиј Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 415—425; Д. Ангелов, Богомилството... : стр. 392—401.

[50]) Тоа биле Охридската и соседните македонски области (Сп.: Ф. Успеснкий, Образование..., стр. 34, бел. 2; Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 142—144, 358—360).

има „милост над сиромасите, а особено над неговата душа, која се троши од лошотија повеќе отколку што пред тој да ги повреди другите со пакости“. Заради сето тоа тој му јавил дека ако успее повторно да го фати монахот „тој ќе умре во кулата како општествено и државно зло“.

Ова Теофилактово соопштение јасно говори дека во лицето на монахот—свештеник треба да се гледа попот Василиј, зашто од другите современи извори се дознава дека имено тој во овој период се претворил во најопасен непријател на византиската црква и држава. Така од Јован Зонара се дознава дека богомилскиот водач Василиј иако бил „облечен во монашко облекло, го примил во себе самиот Сатана“; дека „откако ги изучувал петнаесет години гибелните догми на таа (богомилската) заблуда, тој ги преподавал во продолжение на педесет и две години и го исполнил целиот свет со сопствената си поквареност“. Византискиот император Алексиј I Комнин, наведува понатаму Зонара, наредил Василиј да се фати, да се разобличат неговите догми, осудувајќи го потоа јавно да „биде изгорен на хиподромот“ во Цариград.[51]).

Дека „главниот служител на Сатаната Василиј“ носел „монашка облека“ и дека тој го „распостранил злото насекаде“, се изјаснила и современичката на Теофилакт, Ана Комнина. Притоа таа навела дека татко и наредил тој да биде фатен и донесен во Цариград. Овде Василиј заедно со своите соработници биле осудени на смрт во 1111 година[52]). „И покрај тоа што го заплашувале (Василиј) со клада и со други беди, тој се држел — пишува Ана — здраво за својот гавол и го прегрнувал својот Сатанаил“.[53]) Овие искажвања на Ана Комнина, како што гледаме, се многу блиски со оние од Теофилакт, кој исто така се изјаснил дека монахот не сакал да се „покае“.

Во прилог на тоа дека Теофилактовиот „демон“ бил всушност богомилскиот водач Василиј, говорат и некои податоци од Теодор Скутариот[54]). Опишувајќи ги Теодор акциите на Алексиј I Комнин за ликвидирање на богомилското движење, меѓу другото навел дека „нечистиот Василиј. . . бил екзарх и ватрен заштитник на богомилската ерес“; дека „одел по многу места и криејќи се како волк под овча кожа, бил неподносливо зло. Тој ги отклонил мнозина хирстијани од сигурниот пат и ги направил собунтовници и синови на ѓаволот, неговиот татко“. Притоа Теодор истакнал дека тој бил „лошиот демон“, т.е. „човекот на сатанинското зло, којшто ја прегрнал неверноста и ереста“ поради што требало да биде „уништен од оган“, бидејќи „излагал мнозина“[55]).

---

[51]) Гръцки извори. . . , VII, стр. 205. Скоро слични податоци содржи и делото на Евтимиј Зигавен (Д. Ангелов, Б. Примов, Г. Батаклиев, Богомилството. . . , стр. 69—86).

[52]) Сп. Д. Ангелов, Боголмиството. . , стр. 400 и наведената таму литература.

[53]) Гръцки извори. . . , VIII, стр. 143.

[54]) Теодор Скутариот, кој живеел во втората по.овина на XIII век, ја напишл. т.н. Σύνοψις Χρονική во која што покрај другото внел и податоци за акцииите на императорот Алексиј I Комнин против богомилската ерес (Сп.: „Гръцки извори. . ° VIII, стр. 150, 219—221).

[55]) Гръцки извори. . . , VIII, стр. 219—221.

Слични податоци содржат и другите Тофилактови писма. Така, во 13-то по Меурсија писмо архиепископот му напишал на Семнонскиот епископ меѓу другото и за тоа: „Ако впрочем се надеваш дека некој демон може да го измени произволот било по сопствена волја, било со принуда... Но ако првото е невозможно, не можам да разберам како ќе стане второто, бидејќи злобата кај нив откако се обрнала во навика, добила сила на природа... Но ние треба да го правиме тоа за кое сме повикани, т.е. секогаш да им пожелуваме да се поправат“[56]). Исто така Теофилкт и епископот на Керкира го замолил да се моли заеднички да се отргнат „од опасностите“ на „свештениците и соепископите“ кои постанале „лажливи браќа“. Притоа архиепископот го молел својот адресант да помогне за таквите свештеници да „дојдат на себеси и да се отргнат од стапицата на ѓаволот во која се фатени“[57]).

Мнозина од таквите лица секако биле еретици—богомили. Дека монаси и свештеници станувале „измамници“ кога поминувале во редовите на богомилите, соопштува и Евтимиј од Акмонија[58]). Исто така и вестите од „Алексиадата“ на Ана Комнина говорат дека богомилското „зло проиканало и во највидни куќи...“[59]). Од Житиeто на епископот Иларион Мегленски се дознава дека за малку под влијание на еретиците и императорот Мануил Комнин (1143—1180) ќе се отклонел од православната вера[60]). Затоа не би требало да нè чуди што попот Василиј нашол погодна почва за дејствување и во самата византиска престолнина[61]). Со такви луѓе, кои му ја слушале на архиепископот Теофилакт „музиката (проповедтта) како магарињата лирата“[62]), тој бил осуден да живее и во самиот Охрид.

Некои вести од Теофилактовите писма ни овозможуваат да dадеме одговор и на спорното прашање во науката: зошто архиепископот Теофилакт не го спомнал името на богомилскиот водач Василиј? Ако позадлабочено се анализираат податоците од Теофилактовта преписка, јасно ќе се уочи фактот: дека тој воопшто избегнувал да ги именува „безбожниците“[63]). Затоа не е ништо чудно што не го навел и името на монахот—свештеник. Тофилакт дури и најопасните непријатели на Византија: Боемунд Тарентски, Константин Бодин и други не ги именувал во своите писма, туку едноставно ги спомнувал под називите: „Франакот“, „отстапникот“, „робот“, „бунтовникот“, итн.[64]) Секако Теофилакт пазел да не го „оцрни јазикот“ кога пишувал за богомилската ерес. Во прилог на таквото гледиште говорат и оние податоци

---

[56]) Theophyl., col. 381, C.

[57]) Ibid., col. 389, A—B.

[58]) Д. Ангелов, Б. Примов, Г. Батаклиев, Богомилството..., стр. 60.

[59]) Гръцки извори..., VIII, стр. 144.

[60]) Сп. Д. Ангелов, Богомилството..., стр. 410—411.

[61]) Јован Зонара соопштува дека Василиј „отишол и во престолниот град, но таму бил фатен на самото место на престапот („Гръцки извори... , VII, стр. 205; сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 424; Д. Ангелов, Богомилството..., стр. 397 и сл.).

[62]) Theophyl., col. 324, A.

[63]) Ibid., col. 436, A.

[64]) Ibid., col. 413, B—C; 484, C—D—485, A,

од „Алексаадата“ со кои Ана Комнина меѓу другото соопштува: „Имав желба да ја изложам целата богомилска ерес, но ме спречува срамот. . . , зашто јас сум писателка жена . . . , а пак и тоа што се носи од уста на уста потребно е да се премолчува. Јас сакав да пишувам за да ја изложам целата богомислак ерес, но сепак го препуштам тоа за да не го извалкам сопствениот си јазик“[65])

Ваквите и слични податоци што ги содржат одделните Теофилактови писма, споредени со слични податоци од другите современи извори за богомилското движење, како што видовме, не само што говорат за широките размери што ги зело ова еретичко движење кон крајот на XI и почетокот на XII век во Македонија и во другите владенија на Византија, туку дека во Охридско и другите македонски области дејствувал долго време и богомислкиот водач— попот Василиј.

Анализираните вести од писмата на Теофилакт Охридски не само што овозможуваат да се потврдат искажувањата на Ф. Успенски и неговите едномиследници, туку и да се оснажат со нови аргументи. Изложените податоци истовремено ни даваат за право да не се сложиме со миследњето на добриот познавач на Теофилакта Г. Г. Литаврин, т.е. со неговото искажување: „Едва ли возможно решение этого вопроса на известных нам материалах“[66]). Во таа смисла неприфатливо е и искажувањето на Р. Катичиќ: „Чудно је што се у Теофилактовим писмама не може наћи ни једна вест о богомилима, премда је тај херетички покрет несумњиво постајао у његово вријеме у Македонији“[67]). Без основа е исто така и тврдењето на Ив. Божилов дека „недостасуваат податоци за историјата на различните еретички движења, а поспецијално за богомилското движење“ во писмата на Теофилкат Охридски[68]).

Со оглед на фактот дека писмата на Теофилакт Охридски содржат единствени и важни изворни податоци за активноста на богомилите што ги предводел попот Василиј, тие треба да добијат соодветно место меѓу изворите за богомилското движење.

---

[65]) Гръцки извори. . . , VIII, стр. 144.
[66]) Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 425.
[67]) Р. Катичић, Теофилакт Охридски, стр. 306, бел. 288.
[68]) Ив. Божилов, Писмата на Теофилакт Охридски, стр. 96, бел. 7.

Бранко ПАНОВ

# БОГОМИЛЬСКОЕ ДВИЖЕНИЕ В МАКЕДОНИИ ОТРАЖЕНО В ПИСЬМАХ ФЕОФИЛАКТА ОХРИДСКОГО

## Резюме

В конце XI и начале XII вв., когда Феофилакт Охридский возглавлял Охридское архиепископство, в Македонии снова активизируется богомильское движение. В письмах Феофилакта Охридского содержатся весьма драгоценные данные о распространении богомильского движения, не только в округе Охрида, но и в других областях Македонии. Архиепископ Феофилакт вынужден был предпринять „церковные наказания“ с целью остановить тех „еретиков“, которых возглавлял поп Василий. Несмотря на то, что архиепископ не упоминает его имя, так как принципиально избегал именовать врагов Византии, всё-таки тот монах, о котором он говорит, что сделался „зло общественное и госудорсвеное“, был поп Василий. Феофилат воспользовался несколькими способами с целью усмирить „демона“, т.е. потребовал чтобы тот отказался от своего учения, но всё было напрасно. Однажды ему удалось даже запереть „проклятого“ в своей башне, но он вынужден был освободить его. Тот и в дальнейшем продолжал „мучить боженский народ“. Архиепископ Феофилакт требовал от преставителей светской власти, чтобы последние прогнали его с територии Макдонии, так как он распостранял „эпидемическую болезнь“.